# ЗАКОН ЗА БЕРЗИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО- ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

**"Сл. весник на Р Македонија" бр. 32/92 од 22.05.1992 год.**

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за основање на берзи на земјоделско- прехранбени производи во Република Македонија (во натамошниот текст: берза).

**Член 2**

Берзата може да се основа заради:

- трајно, редовно и организирано поврзување и концентрација на понудата и побарувачката на земјоделско- прехранбени производи;
- ефикасно вршење на трговските трансакции со земјоделско- прехранбени производи;
- унифицирање на правилата на однесување во берзанскиот промет;
- уредување на единствен систем на стандардизација на земјоделско- прехранбените производи и
- формирање на пазарна цена и стабилизација на пазарот на земјоделско- прехранбените производи.

**Член 3**

Берзата претставува институционализирано и технички оформено место каде што доброволно, во определено време, се состануваат непосредно или преку берзански агенти, купувачите и продавачите на земјоделско- прехранбени производи кои според посебни берзански узанси, склучуваат берзански работи за кои берзата е регистрирана.

**Член 4**

Берза можат да основаат правни и физички лица.

Берзата се основа како јавно претпријатие.

Во правниот промет берзата истапува од свое име и за своја сметка, како и од името и за сметка на своите членови.

**Член 5**

Членови на берзата можат да бидат индивидуалните земјоделски производители, земјоделските задруги и други домашни и странски правни и физички лица кои вршат дејност на производство, преработка и промет на земјоделско- прехранбени производи, како и други субјекти кои овие производи ги користат во поголеми количества.

Членовите на берзата можат да бидат постојани или повремени, под услови утврдени со статутот на берзата.

**Член 6**

Дејноста на берзата е:

- поврзување на членовите на берзата на берзанските состаноци, заради склучување на берзански работи;
- обезбедување контрола берзанските работи да се склучуваат во согласност со берзанските узанси;
- дневно и неделно објавување на цените на производите што се предмет на берзанските работи, како и на податоците за нивното количество, роковите на испорака и нивниот квалитет и асортиман;
- испитување на пазарот (маркетинг), давање информации за состојбата на понудата и побарувачката на производите и анализирање на движењето на постигнатите цени на берзата во определен период;
- комерцијални услуги на остварување на функцијата на прометот на производи и услуги;
- услугите на пазарите на големо и
- вршење на други работи вообичаени за продуктните берзи.

**Член 7**

Под берзански работи во смисла на овој закон се подразбира склучување на договорите за продажба меѓу членовите на берзата, согласно со берзанските узанси.

Берзанските работи можат да бидат внатрешни и надворешни.

Внатрешни берзански работи се договорите што се склучуваат на берзанските состаноци, а надворешни берзански работи се договорите што се склучуваат надвор од берзата.

Берзанските работи од ставовите 2 и 3 на овој член се склучуваат во согласност со берзанските узанси и правилата за работа на берзата.

**Член 8**

Берзански узанси во смисла на овој закон претставуваат збир на правила и обичаи на однесување на членовите на берзата, систематизирани и кодифицирани од органот на управувањето на берзата.

Со берзанските узанси се определува начинот на склучување на берзанските работи (општи узанси) и начинот на утврдување на стандардите за видот и квалитетот на производите што се предмет на берзанското работење (посебни узанси).

При утврдувањето на стандардите од став 2 на овој член, се користат меѓународните стандарди.

**Член 9**

Берзата може да ги врши регистрираните дејности ако во рок од 60 дена од денот на уписот во судскиот регистер ги донесе берзанските узанси.

**Член 10**

Берзата врши услуги во прометот со земјоделско- прехранбените производи само за своите членови, ако за одделни услуги со статутот на берзата не е определено поинаку.

Членовите на берзата на услугите од став 1 на овој член плаќаат надоместок на начин утврден со статутот на берзата.

**Член 11**

За определени производи со специфични својства кои не можат да се продаваат според пропишаните стандарди, берзата може да организира продажба и по пат на јавно наддавање на посебно организирани и уредени места според пазарен ред што го утврдува (аукциска продажба).

Организацијата на продажбата на аукциски начини се уредува со статутот на берзата.

**Член 12**

Членовите на берзата можат берзанските работи да ги склучуваат непосредно или преку берзански агенти.

Берзанските агенти можат да застапуваат само една договорна страна.

Членовите, односно берзанските агенти се должни берзанските работи да ги склучуваат согласно со законите и другите прописи, берзанските узанси и со начелото на чесност и совесност.

Берзанските агенти не можат да шпекулираат за своја сметка.

Членовите, односно берзанските агенти се должни за секоја берзанска работа да издаваат и потпишуваат заклучница, како и да водат берзански дневник, под контрола на надлежниот орган на берзата.

Берзанските агенти можат да бидат службеници на берзата или повремено ангажирани лица.

Берзанските агенти кои повремено се ангажираат, добиваат провизија за секоја извршена работа.

**Член 13**

Членовите на берзата можат да ги овластат берзанските агенти да ги вршат следниве берзански работи:

- склучување договори за продажба на производите на определено или неопределено време од името и за сметка на определен член на берзата (застапнички услуги);
- повремено склучување договори за продажба на производи од името и за сметка на определен член на берзата (агенциски услуги) и
- континуирано поврзување на членот на берзата со трети лица (посреднички услуги).

**Член 14**

Берзанските работи со оглед на рокот во кој треба да бидат извршени можат да бидат промптни и термински.

Под промптни берзански работи се смета склучување на договори кои ги обврзуваат договарачите своите обврски да ги извршат на денот на склучувањето на договорот или набрзо по тој ден.

Под термински берзански работи се смета склучување на договори чие извршување е врзано за определен рок.

Не е дозволено склучување на термински берзански работи кои ја обврзуваат едната договорна страна да и исплати на другата договорна страна разлика меѓу цената во моментот на склучувањето на договорот и цената во моментот на рокот на извршување на договорот (диференцијски работи).

**Член 15**

На берзата, зависно од обемот на понудата и побарувачката на производите што се предмет на берзанско работење се формира нивна берзанска цена.

**Член 16**

Со статутот на берзата се уредува особено:

- дејност на берзата;
- внатрешна организација и работењето на берзата;
- составот, начинот, изборот, отповикувањето и надлежноста на органите на берзата;
- условите за зачленување во берзата;
- правата и должностите на членовите на берзата;
- начинот на вршењето на надзорот над склучувањето на берзанските работи;
- овластувањата на берзанските агенти;
- начинот на решавањето на споровите во врска со берзанското работење и
- други прашања значајни за работењето на берзата.

**Член 17**

Со правилата за работа на берзата се определуваат берзанските производи, нивното најмало количество, начинот и условите за вршење на работите на берзата, начинот на утврдување и пресметување на надоместокот (провизијата), начинот на водењето на евиденцијата за склучените берзански работи, начинот на формирање и објавување на берзанските цени и други прашања од работата на берзата.

**Член 18**

Споровите што произлегуваат од склучените берзански работи меѓу членовите на берзата, ги решава берзанската арбитража.

Одлуките на берзанската арбитража имаат сила на извршен наслов.

Организацијата и работењето на берзанската арбитража ги утврдува управниот одбор на берзата.

**Член 19**

Владата на Република Македонија дава согласност на статутот, финансискиот план и годишната пресметка на берзата.

**Член 20**

Надзор над примената на овој закон врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 21**

Со парична казна од 800.000 до 2.000.000 денари ќе се казни за стопански престап берзата ако:

1) во правниот промет не истапува согласно со член 4 став 3 на овој закон;

2) во берзата зачленува лица спротивно на член 5 на овој закон;

3) дневно и неделно не ја објавува берзанската цена (член 6 став 1 алинеја 3);

4) врши берзански услуги спротивно на член 10 став 1 на овој закон;

5) берзанските агенти ги вршат берзанските работи спротивно на член 12 ставови 2, 3, 4 и 5 на овој закон и

6) склучува диференцијски работи (член 14 став 4).

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се казни за стопански престап и одговорното лице на берзата со парична казна од 50.000 до 100.000 денари.

**Член 22**

За сторените стопански престапи од член 21 став 1 точки 1 и 2 на овој закон, покрај паричната казна, на берзата и одговорното лице може да им се изрече и заштитна мерка забрана на вршење на дејноста за време од три до пет години.

**Член 23**

Со парична казна од 50.000 до 150.000 денари ќе се казни за прекршок берзанскиот агент ако:

1) застапува повеќе договорни страни (член 12 став 2);

2) склучува договори спротивно на член 12 став 3 на овој закон и

3) при работењето шпекулира за своја сметка (член 12 став 4).

За дејствијата од став 1 на овој член на берзанскиот агент му се изрекува и заштитна мерка - забрана за вршење на берзански работи за време од три месеци до една година.

**Член 24**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".